**20081382709**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 141 став (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/2008), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување на седница, одржана на 21 јули 2008 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА МАКСИМАЛНИОТ ПРОЦЕНТ НА ПОЗАЈМЕНИ СРЕДСТВА ОД СТРАНА НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОБРОВОЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ И ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ И ДОБРОВОЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ОД ИМЕ И ЗА СМЕТКА НА ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 1

Друштво за управување со доброволни пензиски фондови и друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови може да се задолжува од име и за сметка на доброволниот пензиски фонд, исклучиво заради одржување на ликвидноста на доброволниот пензиски фонд во вкупен износ кој не може да биде поголем од 5% од вредноста на средствата на доброволниот пензиски фонд.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1157/11<br>21 јули 2008 година<br>Скопје

Претседател<br>на Управниот одбор,<br>**Анета Димовска**, с.р.